# ИНФОГРАФИК ЗА ПЕРИОД ОД 1 ДЕКЕМВРИ 2022 – 31 МАЈ 2023

БОРБА ПРОТИВ ТОРТУРА И НЕХУМАН ТРЕТМАН

ЕУ со ТЕБЕ

**Во рамки на проектот „Борба против тортура и нехуман третман", Хелсиншкиот комитет за човекови права и Македонското здружение на млади правници во период од декември 2022 до мај 2023 година спроведоа:**

**9** посети

**1** последователна посета — КПД Идризово

**7** посети од адвокати и инфо сесии — КПУ Куманово, КПД Штип, КПД Прилеп

**1** посета — ПБ Скопје (Бардовци)

ДЕКЕМВРИ — 2022-2023 — МАЈ

КПУ - казнено-поправна установа
КПД - казнено-поправен дом
ПБ - психијатриска болница

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ

**2** едукативни сесии → **3** дена по сесија → **44 ВРАБОТЕНИ** во казнено - поправните установи за елиминација на тортура и нечовечко постапување.

ФЕВРУАРИ — 2023 — АПРИЛ

* Опфатени националните и меѓународните стандарди и механизми за заштита од тортура, нечовечко и понижувачко постапување и казнување.

## ПРАВНА ПОМОШ

**80** осудени лица

- Пристап до правото на здравствена заштита за време на издржување на казна затвор.
- Материјални услови во казнено поправните установи.
- Пренатрупаност во казнено-поправните установи.
- Условен отпуст. — 11 предлози до судот за условен отпуст.
- Користење на погодности. — Поднесени се 8 барања.
- Преместување во друга казнено-поправна установа.

## СУДСКА ПРАКСА ЗА ПРЕДМЕТИ ЗАСТАПУВАНИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ

**МАЈ**

Апелациониот суд во Скопје во мај 2023 донесе пресуда со која ефективната казна затвор во траење од 1 година за полицискиот службеник од Битола, прогласен за виновен за делото „Малтретирање во вршење на службата" од член 143 став 1 в.в 22 од Кривичниот законик ја преиначи во делот на казната. Изречената казна од една година се зема за утврдена и истовремено се утврдува дека истата нема да се изврши доколку обвинетиот за време од 3 години по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело. Предметот се однесува на полициската бруталност која се случи во Битола во септември 2020 година за која имаше и видео-документација која беше објавена на социјалните мрежи.

Основниот Кривичен суд Скопје во мај 2023 година донесе одлука со која се уважува предлогот на осуденичка за условен отпуст и се отпушта од издржување на казна затвор. Времето на условен отпуст трае шест месеци.

## СТРАТЕШКО ЗАСТАПУВАЊЕ

**2** рочишта

Судско застапување на оштетено лице пред Основниот кривичен суд Скопје за употреба на прекумерна физичка сила и средства за присилба од страна на полициски службеник.

## ЗАСТАПУВАЊЕ ПРЕД ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

**20** поднесоци

- ПРИСТАП ДО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА
- ПОМИЛУВАЊЕ КАКО И ИНИЦИРАЊЕ НА ДРУГИ УПРАВНИ ПОСТАПКИ И УПРАВНИ СПОРОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА
- УПОТРЕБА НА ПРЕКУМЕРНА СИЛА И СРЕДСТВА ЗА ПРИСИЛБА

**2** поднесоци — До Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во врска со утврдена на прекумерна физичка сила и средства за присилба од страна на полициски службеник.

**1** жалба — По поднесена жалба на осудено лица упатено во самица 14 дена, истата е уважена од Управата за извршување на санкции. Предметот е вратен на повторно одлучување на затворот.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА · МЗМП

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Хелсиншки комитет за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.